Прехранбена индустрија
**„ВИТАМИНКА“ А.Д.**

Бр . 02-1493/1 .

Прилеп, 01.07.2016 год.

*До:*
- Директори на сектори,
- Јулијана А. Јованоски,
- Павлина Тренкоска,
- К.Димеска,
- Д.Неделкоска,
- Служба за обезбедување.

*Копие до:*
- Претседател на О.Д.,
- Архива.

# ПРОЦЕДУРА

**- за начин на постапување и прием со акционери и пензионирани работници од „Витаминка“ -**

**Заради потребата да се обезбеди постојан коректен и пријателски однос со сите акционери во „Витаминка“, како и со пензионираните работници од „Витаминка“, се воведува следната процедура за прием и начин на постапување со овие лица при нивна посета на фабриката:**

**- За прием на акционерите во „Витаминка“, како и на пензионираните работници од „Витаминка“, при нивна посета на фабриката, се определува посебна просторија (посебно обележана) и тоа салата за состаноци на приземјето од управната зграда (каде што се наоѓа канцеларијата на Претседателот на О.Д.). Оваа просторија останува и понатаму да служи и за потребите на одржување на други состаноци во фабриката;**

**- При посета на фабриката од страна на акционер или пензиониран работник, Службата за обезбедување или другите вработени во службите се должни максимално културно да го примат лицето. Ова лице веднаш се упататува во просторијата и истото веднаш се послужува со пијалок (тоа го врши П.Тренкоска, К.Димеска или трето лице во нивно отсуство). Работникот на обезбедување, за посетата веднаш го известува Директорот на правни и општи работи, кој може лично да оствари кратка средба со акционерот / пензионираниот работник во определената просторија или пак известува друг директор на сектор (член на оперативниот тим) кој ќе присуствува на средбата со гостинот;**

**- Членовите на оперативниот тим кои ќе остваруваат средби со акционери или пензионирани работници на начинот опишан во оваа процедура, на барање на посетителите должни се да обезбедат потребни документи и податоци (освен она што претставува деловна тајна, за што официјална дозвола дава Генералниот извршен директор или Претседателот на О.Д.), како и да ги информираат посетителите за тековните активности во друштвото. Во овие активности, на директорите на секторите целосно ќе им асистира и Душица Неделкоска;**

**- Доколку акционерот или пензионираниот работник побараат средба со Генерален извршен директор и/или Претседател на О.Д., по нивно претходно одобрение, истата ќе им биде овозможена доколку за тоа постојат услови во дадениот момент.**

**30.06.2016 год.**

**Генерален извршен директор**
**Дипл.екк. Сашо Наумоски**

Прехранбена индустрија „ВИТАМИНКА“ друштво 2 ПРИЛЕП